Бр./Nr. 03-949/1
19.07. 2024 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 15 став 1 алинеа 2 и 5, а во врска со член 12 став 4 алинеја 7 од Законот за ТИРЗ (Службен весник на РМ бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18 и Службен весник на РСМ бр.13/23), точките 6 и 7 од Упатството за начинот и постапката за издавање под закуп деловен простор во административните згради во ТИР зоните бр. 01-865/1 од 24.06.2013 година, Упатството за изменување на Упатството за начинот и постапката за издавање под закуп деловен простор во административните згради во ТИР зоните бр. 01-426/1 од 26.02.2019 и дел I точка 5 од Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Скопје 1" на надоместоците за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 1" (Службен весник на РСМ, бр. 221 од 17.10.2022 година) В.д. Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на ден 15.07.2024 година, донесе:

# ОДЛУКА

## за спроведување на постапка за јавно наддавање за издавање под закуп деловен простор во административна зграда во ТИРЗ „Скопје 1" за вршење на Царинско застапување

1. Со оваа одлука се отпочнува постапка за јавно наддавање за издавање под закуп деловен простор во административна зграда во ТИРЗ „Скопје 1" за вршење на Царинско застапување.
2. Предмет на јавно наддавање е деловен простор кој се наоѓа во административната зграда во Технолошко индустриска развојна зона „Скопје 1" населба Илинден, со квадратура и опис наведени во табелата.

| | Канцела-рија број | Површи-на $м^2$ | Катност/Опис | Почетна цена без ДДВ | Депозит |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 3 | 20.50 $м^2$ | Приземје/Опремена со мебел | 2.000 ден/$м^2$ | 150.000,00 |

3. Почетната месечна закупнина по 1 $м^2$ согласно Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Скопје 1" на надоместоците за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 1" е наведена во табелата од точка 2 на оваа одлука.
4. Со наддавачот кој понудил највисока закупнина по 1 $м^2$, ќе се склучи договор за издавање на деловен простор под закуп во времетраење од 24 месеци со можност за продолжување ако за тоа се согласат двете договорни страни
5. Се задолжуваат стручните служби утврдени во Делот III точка 10 од Упатството за начинот и постапката за издавање под закуп деловен простор во административните згради во ТИР зони по потпишување на оваа одлука да го изготват текстот на пријавата за учество, моделот на договорот за закуп на деловен простор и текстот на јавниот оглас за издавање под закуп деловен простор, а изготвените пријави, модел на договор и текстот на јавен оглас да ги достави до Комисијата за спроведување на постапка за јавно наддавање за издавање под закуп деловен простор во административните згради во ТИР зоните .
6. Јавниот оглас за издавање под закуп деловен простор во административната зграда во Технолошката индустриска развојна зона „Скопје 1" да се објави во најмалку еден дневен весник на македонски јазик, најмалку еден дневен весник на албански јазик и на интернет страницата на Дирекцијата за ТИРЗ во рок од 3 дена од донесувањето на оваа одлука.
7. Постапката со јавно наддавање за издавање под закуп деловен простор во административната зграда во Технолошката индустриска развојна зона „Скопје 1" ја спроведува Комисија за спроведување на постапки за јавно наддавање за издавање под закуп деловни простории во

административните згради во ТИР зоните која со Решение се формира согласно дел II точка 4 од Упатството за начинот и постапката за издавање под закуп деловен простор во административните згради во ТИР Зоните .

В.д. Директор
Д-р. Гоце Димовски

Изработил:Горан Трајковски
Одобрил: Маја Ж. Стефановска

Доставено до:

- Сектор за управување, стопанисување и одржување на зони и односи со корисници
- Одделение за управување со недвижности
- Одделение за финансиски прашања
- Одделение за нормативни работи